Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за прифаќање донација од Трговско друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз ФИЛАНД 2012 ДООЕЛ Охрид**

1. Се објавува Одлука за прифаќање донација од Трговско друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз ФИЛАНД 2012 ДООЕЛ Охрид, донесена на 12. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4082/8**
**Датум: 23.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 22, став 1, точка 4 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 6 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (“Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), а во врска со член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21, 173/22) како и Предлогот за донација бр.50-2997/1 од 23.03.2026 година од Трговско друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз ФИЛАНД 2012 ДООЕЛ Охрид, Советот на Општина Карпош, на 12. седница, одржана на 22 април 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за прифаќање донација од Трговско друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз ФИЛАНД 2012 ДООЕЛ Охрид**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Карпош во својство на прималел на донација ја прифаќа понудата за донацијата бр.50-2997/1 од 23.03.2026 година од Трговско друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз ФИЛАНД 2012 ДООЕЛ Охрид, за Основен проект за улична водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација за дел од ул.Драгутин А.Гуте населба Влае, изработен од ДООЕЛ КБК ИНЖЕНЕРИНГ Скопје, со Технички бр.02П/2026 од февруари 2026, со комплетна ревизија на истиот од страна на ЈП Водовод и канализација Скопје заведена под бр.1302-678/1 од 09.03.2026година.

Вкупна вредност на донацијата изнесува 145.140,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 2**

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Предмет на оваа одлука, дефиниран во член 1 е подобрување на комуналните и инфраструктурните услови на дел од жителите на Општина Карпош.

**Член 4**

Се задолжува матичниот сектор на Општина Карпош да изготви Договор за донација, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните органи во Република Северна Македонија.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3851/11**
**Датум 22.04.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов**

ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Одлука за прифаќање на донација од Здружение на граѓани ПОЗИТИВО - Скопје за опремување на сензорна соба во ООУ „Петар Поп Арсов“- Карпош, Скопје**

1. Се објавува Одлука за прифаќање на донација од Здружение на граѓани ПОЗИТИВО - Скопје за опремување на сензорна соба во ООУ „Петар Поп Арсов“- Карпош, Скопје, донесена на 12. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4082/14**
**Датум: 23.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски**

Врз основа член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 6 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (“Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), а во врска со член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21, 173/22) и Барање за одобрување донација од Здружението на граѓани ПОЗИТИВО-Скопје, за опремување на сензорна соба бр.52-3722/1 од 08.04.2026 година, и дополна бр.52-3722/2 од 09.04.2026 година, Советот на Општина Карпош, на 12. седница, одржана на 22 април 2026 година, донесе

## ОДЛУКА
## за прифаќање на донација од Здружение на граѓани ПОЗИТИВО - Скопје за опремување на сензорна соба во ООУ „Петар Поп Арсов“-Карпош, Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош дава согласност на ООУ „Петар Поп Арсов“ за прифаќање донација од Здружение на граѓани ПОЗИТИВО Скопје, за опремување на сензорна соба.

Производи за донацијата:

| | Производ | Количина | Вкупно со ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | Татами подлога 1x1x2,5 цм црвена/сина | 20 | 21.600,00 |
| 2 | Лулашка платнена 25873-22 | 1 | 8.550,00 |
| 3 | Трамболина со рачка | 1 | 6.750,00 |
| 4 | Проектор ѕвездено небо | 1 | 2.520,00 |
| 5 | Душек 200x100x5 цм | 1 | 8.550,00 |
| 6 | Сензорно огледало панда | 1 | 12.195,00 |
| 7 | Меки ѕидни панели | 8 | 28.800,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8 | Графомоторичка табла авион | 1 | 16.110,00 |
| 9 | Прилагодлив тунел | 1 | 11.790,00 |
| 10 | Магнетни плочки 1/72 HD382A | 1 | 3.132,00 |
| 11 | Монтажа на сензорна соба | 1 | 15.000,00 |
| | | **Вкупно** | **134.997,00** |

**Член 2**

Вкупната вредност на донацијата изнесува **134.997,00 денари** со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 4**

Се задолжува Одделението за образование при Општина Карпош да изготви Договор за донација, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните органи во Република С. Македонија.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-3851/17**
**Датум 22.04.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов**